РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 12-909/3
19.06. 2024 год.
ДЕЛЧЕВО


**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

Градоначалник

**адреса: ул,,Светозар Марковиќ,,бр.1 Делчево**
**тел: 033/413-521 факс: 033/411-550**
**E-mail:opde@sonet.com.mk**
**www.delcevo.gov.mk**


До
Министерство за животна средина и просторно планирање
Плоштад,,Пресвета Богородица бр.3
1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ: Барање мислење**

Почитувани,

Бараме мислење за неспроведување постапка за стратегиска отцена за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за подземен кабел 10/20 kV од КП 1302/2 КО Работивиште до ТС Обел Градба КО Град Општина Делчево

Прилог:

- Одлука за неспроведување на стратегиска отцена
- Формулар;

Со почит,

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

Градоначалник:
Горан Трајковски

Изработил:
Татјана Стојковска
Контролирал:
Звонко Атанасов

Доставено до:
-Архива,
-примач

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 12-909/1
19.06. 2024 год.
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Општина Делчево**, на ден 13.06.2024 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за подземен кабел 10/20 kV од КП 1302/2 КО Тработивиште до ТС Обел Градба КО Град Општина Делчево кој се носи согласно Член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20) и член 58 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/20, 219/21) и условите од Просторниот План на РСМ, односно од Условите за планирање на просторот тех.број Y13321 од септември 2021год., и Решение за Услови за планирање на просторот арх.број УП1-151399/2021 од 24.09.2021. не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Делчево.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за подземен кабел 10/20 kV од КП 1302/2 КО Тработивиште до ТС Обел Градба КО Град, Општина Делчево нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Сончевата енергија е моќен извор на обновлива енергија. Оваа енергија лесно се акумулира и не предизвикува загадување на животната средина, што ја прави многу поволен извор за добивање на топлинска енергија или електрична енергија. Благодарејќи на долгиот животен век и едноставната градба фотоволтаичниот систем е погоден за поставување на локалитети каде може да се поврзе со постоечката електроенергетска мрежа како нејзино надополнување. Изградбата на кабелски приклучен вод ќе биде во функција на развој и унапредување на економијата во ова подрачје, а и има добра поставеност во однос на сообраќајните правци и текови во Р. Македонија.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Општина Делчево во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.........................
с.р
Место Општина Делчево

Име и презиме

Градоначалник
Горан Трајковски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 12-909/2
19.06.2024 год.
ДЕЛЧЕВО

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за подземен кабел 10/20 kV од КП 1302/2 КО Тработивиште до ТС Обел Градба КО Град Општина Делчево |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ТАЈФА – ПЛАН, доо |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Делчево |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Татјана Стојковска |
| Назив на работното место | Виш соработник за заштита на животната средина |
| Контакт податоци за лицето | 071 273 929<br>t.stojkovska@yahoo.com |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план е изработена во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20), Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ бр. 11/18) и Правилникот урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22). |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да √<br>Не |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| / |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| ДА – енергетика |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да<br>Не√ | Член: | Точка: | Алинеја: |

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Да.Во случајов станува збор за проект за инфраструктура за кабелски приклучен вод кој во Уредбата во делот енергетика е дефиниран како ,,Индустриски инсталации за пренос и дистрибуција на гас, пареа и топла вода и за пренос и дистрибуција на електрична енергија со површински водови (Проекти што не се вклучени во Прилог 1) |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Да. Овој плански опфат има површина од 10309,0387м2. Должината на кабелот изнесува 5156, 5369м. Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, не бил предмет на планирање и уредување во минатото и како таков е опфатен со Просторниот план на Република Македонија, донесен на 11.06.2004год. од Собранието на Република Македонија.<br>Следствено, локацијата која е предмет на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е покриена со Услови за планирање на просторот за изградба на објект подземен кабел 10/20kV за пренос на електрична енергија, КОТработивиште до |

ТС Обел градба КОГрад - Општината Делчево, со технички бр. Y49222 од Декември 2022 година, за кои е издадено Решение за Услови за планирање од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. УП1-15 2399/2022 од 20.12.2022 година.
Условите за планирање се базираат исклучиво врз Просторниот план на РМ и се прилог кон оваа Документациона основа.

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

Цел на УП е да се предвиди површината за градење на објекти со содржини од класа на намени Е1.8- инфраструктури за пренос на електрична енергија врз основа на предходно извршени стручни анализи за погодноста на постапката.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Предмет на планскиот документ е планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**



Границата на проектниот опфат се движи по делови од повеќе катастарски парцели, односно минува низ:дел од КП1302/2, дел од КП 305, дел од КП1281/2, дел од КП1287, дел од КП1288, дел од КП1186/2, дел од КП1213, дел од КП1242/2, дел од КП1217, дел од КП1218, дел од КП1219, дел од КП1222, дел од КП1227, дел од КП1226, дел од КП1225, дел од КП1224, дел од КП1223, дел од КП3361, дел од КП526, дел од КП523, дел од КП516, дел од КП 513, дел од КП514, дел од КП 543/2, дел од КП 544, дел од КП 546, дел од КП 547, дел од КП548/2, дел од КП 3378, дел од КП 506/1, дел од КП 501, дел од КП 176, дел од КП 175, дел од КП 150, дел од КП 152, дел од КП 5571/5, дел од КП 4443/1, дел од КП 4467/3, дел од КП4464/3, дел од КП 4463/3, дел од КП 4462/3, дел од КП 4461/9, дел од КП 4461/6, дел од КП4461/7, дел од КП 4461/5, дел од КП 4455/3,

| |
|---|
| дел од КП 5540, дел од КП 5571/2, дел од КП3761/2, дел од КП 800/1, дел од КП 796/3, дел од КП 5532/1, дел од КП 717, дел од КП 711/1, дел од КП 5548/7, дел од КП 4829, дел од КП 4810, дел од КП 4827, дел од КП 4828, дел од КП 5469, дел од КП 4731, дел од КП 4730, дел од КП 5495/1, дел од КП 4037/3, дел од КП4036/3, дел од КП 4038, дел од КП 4039/3, дел од КП 5464, дел од КП 3595, дел од КП 5490, дел од КП 3591, дел од КП 3594, дел од КП 5491- КО Тработивиште, КО Град, КО Вирче,Општина Делчево.<br>Односно приказ на почетна точка е со координата X=4644088.98 , Y=7650843.74 и завршна точка е со координати X=4644088.98 и Y=7650843.74. |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали иститe се содржани во акт или документ.** |
| Целта на изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план е да се дефинираат услови за изградба на подземен кабел (10/20 kV), притоа водејќи сметка со предложеното урбанистичко решение да се предвидат хумани услови за уредување на просторот.<br>Да<br>Не √ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да          Не √ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** | |
|---|---|
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Во периодот на изградба, земјаните активности ќе бидат главен извор на негативно влијание врз животната средина. Времените објекти кои ќе бидат поставени, бучавата во текот на изградбата и генерирањето на отпад исто така негативно ќе влијаат врз животната средина. Влијанија врз животната средина се одразуваат преку специфичните промени што се јавуваат во сите медиуми на животната средина. Промената на условите само во еден медиум може да предизвика промена во сите останати.<br>Досегашните научни истражувања покажуваат дека негативна карактеристика е и потребата од зголемена површина на земјиште потребно за нивно инсталирање, меѓутоа во дадениот проект ова не е случај. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | При реализација на планскиот опфат предвиден со планската документација се очекува движење на возила и механизација, но, тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Со оглед на локацијата на која се предвидува реализацијата на оваа планска содржина се очекува дека ќе има нарушување на квалитетот на воздухот и со оглед дака станува збор за земјоделско земјиште каде жителите од с.Тработивиште, с.Град, с.Вирче и гр.Делчево одгледуваат земјоделски култури се очекуваат негативни влијанија врз истите. Поради оддалеченоста од населените места и градот Делчево не се очекуваат позначителни негативни влијанија врз здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Собирањето и неконтролирано управување со отпад може да биде ризик фактор врз здравјето на луѓето и животната средина.<br>Бучавата и загадениот воздух при вршење на земјените работи исто така може да го загрозат здравјето на населението во дадените села и Делчево. Сите овие влијанија ќе бидат краткорочни и без ризик по здравјето на луѓето. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата** | Според Пописот во 2002 година во општина Делчево живеат 17.505 жители, од кои 11.536 или 66% во општинскиот центар, т.е. градот Делчево. Просечната густина на населеност е 42,5 |

| | |
|---|---|
| **(географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | жители/км2, што е под просекот на Република Македонија од 78,8 жители/км$^2$. Во с.Ѕвегор по гореспоменатиот попис има околу 530 жители и врз истите не се очекува да има негативни влијанија при реализација на документот. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, зголемено искористување на обновливите извори на енергија, помал увоз на електрична енергија, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| Областа со реализација на планскиот опфат ќе добие зголемена вредност. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на дадениот просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, Општина Делчево, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Доколку при реализација на проектот дојде до одредени нови сознанија за природно наследство се предвидуваат мерки за негова заштита.<br>На подрачјето на катастарската општина Тработивиште, кое е предмет на анализа има евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):<br>*1.Археолошки локалитет,,Асанова Лака, доцноримски период,*<br>*2.Археолошки локалитет,, Градиште,, (Голак) доцноримски период,*<br>*3.Археолошки локалитет,,Градиште,, Тработивиште, римски период*<br>*4.Археолошки локалитет,,Крастати камен,,Тработивиште, доцноримски период,*<br>*5.Археолошки локалитет,,Илинова црква,,Звегор, ранохристијански период*<br>*6.Археолошки локалитет,,Широчица,,Тработивиште, ранохристијански период,*<br>*7.Црква Св.Успение Богородично, Тработивиште*<br>*На подрачјето на КО Вирче, има евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат)*<br>*1.Археолошки локалитет,,Големо Градиште,,Вирче, железно време*<br>*2.Археолошки локалитет,,Мало Градиште,,Вирче, римски период*<br>*3.Археолошки локалитет,,Прекинато Градиште,,Вирче, доцносримски период*<br>*4.Археолошки локалитет,,Турски гробишта,,Вирче,* |

| | |
|---|---|
| | *доцноримски период*<br>*5.Археолошки локалитет,,Црквиште,,Вирче, железно време*<br>*6.Црква Св.Никола, Вирче, ранохристијански период*<br>*На подрачјето на КО Град, има евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат)*<br>*1.Археолошки локалитет,, Градиште,,Град хеленистички, римски и рановизантиски период*<br>*2.Археолошки локалитет,, Колиште,,Град римски период*<br>*3.Археолошки локалитет,,Селце,,Град,римски период*<br>*4.Црква Св.Ѓорѓи, Град,1933год.*<br><br>*Птри изработка на планската документација ќе се применат планските мерки за заштита на недвижното наследство.* |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема гранични вредности и нема да бидат надминати граничните вредности или доколку се надминат тоа ќе биде краткорочно, односно само во време на изградбата. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Реализацијата на овој плански документ во општина Делчево ќе биде во функција на развој и унапредување на економијата во ова подрачје, а и има добра поставеност во однос на сообраќајните правци и текови во Р. Македонија.<br>Планирано е во тек на изградбата да нема конфликт со комуналната инфраструктура.<br>За комплексот обезбедена е квалитетна сообраќајна и комунална инфраструктура. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Просторот нема посебни пејсажни вредности, претставува равничарски терен во благ пад. Целта на планскиот концепт е да изврши хармонизација на просторните природни услови и предвидените градби во функционална целина со естетска препознатливост. Во близина на инвестицијата нема национални или меѓународни заштитени подрачја. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во близина на планскиот опфат нема планирано изградба на објекти од поголемо значење. Предметната траса се граничи со опфат на издадени Услови за планирање на просторот за ЛУПД за Е2 – комунална супраструктура (фотоволтаична централа) на КП 1003 и КП 1302/2 КО Тработивиште, Општина Делчево со тех. број Y08019.

Во близина на предметната траса се наоѓа опфат на издадени Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (за поставување на фотонапонски панели на земја) на КП 4036/1, КП 4854, КП 4855, КП 4856 и дел од КП 4037/1 КО Град, Општина Делчево со тех. Број Y36121. Околината на планскиот опфат е земјоделско земјиште, претежно овоштарници и засадено со едногодишни земјоделски култури.

Најблиски објекти на дадената локација се објекти за индивидуално живеење, кои со планираниот опфат се оделени со зеленило.

| |
|---|
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**<br>**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**<br>Проектите базирани на обновливи извори на енергија, покрај соодветните смалувања на емисиите на стакленички гасови можат да се поврзат и други придобивки кои се во насока на одржлив развој. Како такви, овие проекти можат да се квалификуваат преку механизмот за чист развој со што се подобрува економијата на проектот, а со тоа се зголемува интересот, пред се, на странски инвеститори. Значи, планскиот документ има позитивно влијание кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**<br>**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>Неправилно управување со отпадот може да доведе до загадување на животната средина и здравјето на човекот.<br>Бучавата исто така во текот на подготвување на просторот и поставување на објектите може да има негативно влијание и врз околината и врз здравјето на населението. Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>За планскиот опфат претходно нема изработено никаква планска окументација така да нема никаква поврзаност со други локални планови. Меѓутоа со спроведување на документот потребно е негово задолжително усогласување со Просторниот план. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Нема спроведено претходна оценка. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански** |

| | |
|---|---|
| **документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).** Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спровдување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. | |
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Градоначалник**<br>Горан Трајковски |
| **Бр.**<br>**Датум** 13.06.2024 год.<br>**Место** Општина Делчево | М.П. |